// СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 5/2024 04.06.2024 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуват актите од 38 та редовна седница на Светот на Општина Пробиштип одржана на ден 30.05.2024 година во Службен Гласник на Општина Пробиштип и тоа:

1. Констатација за престанок на мандат на член на Советот на Општина Пробиштип, пред истекот на мандатот, заради неспивост на функциите бр. 26-427/3,
2. Решение за формирање на верификациона комисија бр. 26-427/4,
3. Решение за верификација на мандат на член во Советот на Општина Пробиштип бр. 26-427/4-1,
4. Одлука за усвојување на Финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Пробиштип за период 01.01 до 31.03.2024 година бр. 26-427/5,
5. Одлука за донесување на на конечен Предлог-Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Урбан блок 11, Урбан модул 4 КО Пробиштип, Општина Пробиштип бр. 26-427/6,
6. Одлука за учество на Општина Пробиштип во проектот „Поврзување на различни регионални потенцијали за подобрување на регионалната туристичка понуда", со скратен назив Регионалист бр. 26-427/7,
7. Одлука за кофинансирање на Општина Пробиштип во проектот „Интегриран развој на препознатливиот културен и close-to-nature туризам во Источниот плански регион и регионот Благоевград" бр. 26-427/8,
8. Одлука за давање на согласност и право на користење на недвижен имот за целите на проектот „Интегриран развој на препознатливиот културен и close-to-nature туризам во Источниот плански регион и регионот Благоевград" бр. 26-427/9,
9. Решение за разрешување и именување на член во Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања бр. 26-427/10,
10. Решение за разрешување и именување на член во Комисијата за финансии, буџет и ЛЕР бр. 26-427/11,
11. Решение за разрешување и именување на член во Комисијата за урбанизам, комунални дејнсоти и заштита на животната средина бр. 26-427/12,

12. Решение за разрешување и именување на член во Комисијата за молби и барања бр. 26-427/13,
13. Решение за разрешување и именување на член во Комисијата за месна самоуправа бр. 26-427/14,
14. Решение за разрешување и именување на член во Комисијата за статут и прописи бр. 26-427/15,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-427/17 ОПШТИНА ПРОБИШТИП
31.05.2024 година ГРАДОНАЧАЛНИК,
Пробиштип Драган Анастасов с.р

Врз основа на член 46 став 1 алинеја 4 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 5/2002), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2024 година, расправајки по известувањето од член на Советот на Општина Пробиштип Драгана Арсова бр. 26-444/1 од 28.05.2024 година,

**КОНСТАТИРА**

Мандатот на Драгана Арсова член на Советот на Општина Пробиштип престанува пред истекот на мандатот заради неспивост на функциите член на Советот на општина и пратеник во Собранието на РСМ .

Мандатот престанува со денот на исполнување на условот, односно со верификација на мандатот како пратеник во Собранието на РСМ на ден 28.05.2024 година.

Број 26-427/3 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.05.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

Врз основа на член 9 од Деловникот за работа на Советот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.5/2005, 23/2019 и 42/2020) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2024 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За формирање на Верификациона Комисија**

1. Се формира Верификациона Комисија која има за задача да изврши увид во Известувањата од Општинската Изборна Комисија, доставеното уверение од страна на членот кој доаѓа како нареден од листата, на местото на членот на кој мандатот му престанал, утврдување на неговиот идентитет и поднесува Извештај со предлог за верификација.

2. За претседател и членови на Верификационата Комисија се избираат:
   - Оливер Андовски-претседател,
   - Драгана Рајиќ -член и
   - Давор Стојчовски-член

3. Решението стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-427/4
30.05.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на членовите 10, 11, 12, 13 и 14 од Деловникот за работа на Советот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.5/2005, 23/2019 и 42/2020), Советот на општина Пробиштип на седница на Советот одржана на ден 30.05.2024 година, а по предлог на Верификационата Комисија го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За верификација на мандат на член на Советот на општина Пробиштип**

1. Се верификуваат мандатот на Александра Тасевска-Стефанова како член на Советот на Општина Пробиштип.

2. Решението стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-427/4-1
30.05.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/2002) и член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2024 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За усвојување на Финансиски извештај за реализација на Буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01.2024 до 31.03.2024 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Финансиски извештај за реализација на Буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01.2024 до 31.03.2024 година.

Член 2

Планираните и остварени приходи односно извршените расходи по видови се искажани во билансот на приходите и расходите и тоа како што е дадено во извештајот.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-427/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.05.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 20 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ” бр.32/20), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ„ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Пробиштип („Службен гласник” на Општина Пробиштип бр.04/05, 25/14, 29/15 и 23/19), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2024 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за донесување на конечен Предлог-Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Урбан блок 11, Урбан модул 4 КО Пробиштип, Општина Пробиштип**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Конечен Предлог - **Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Урбан блок 11, Урбан модул 4 КО Пробиштип, Општина Пробиштип**, по предходно добиена Согласност од страна на Министерството за транспорт и врски, бр.21-806/5 од 12.04.2024 год.

Границите на Урбаниот модул, дел од Урбаниот блок 11 се границите со урбаните блоков и по Генералниот урбанистички план на Град Пробиштип за 1995-2005 (Одлука бр.08-335/2 од 03.10.1997 г.) и тоа:

**- На север со урбан блок 15.3 и 15.2**
**- На исток со урбан блок 10.3**
**- На југ со урбан блок 11.3 и 11.1**
**- На запад со урбан блок 14.2**

Површината на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува **П=5,13 Ха**. Конечниот Предлог - **Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Урбан блок 11, Урбан модул 4 КО Пробиштип, Општина Пробиштип**, со Тех. број 23/2021 од Март 2024 год., е изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА“Скопје.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила осум дена од објавувањето во „Службен гласник” на Општина Пробиштип.

Број 26-427/6 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.05.2024 година — ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип — Борче Миланов с.р.

---

Врз член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип („Службен гласник” на Општина Пробиштип бр.04/05, 25/14, 29/15 и 23/19), Советот на општина Пробиштип на Седницата одржана на 30.05.2024 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА
### за учество на Општина Пробиштип во проектот „Поврзување на различни регионални потенцијали за подобрување на регионалната туристичка понуда”, со скратен назив Регионалист

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува за учество на проектните активности во рамки на проектот „Поврзување на различни регионални потенцијали за подобрување на регионалната туристичка понуда”, со скратен назив Регионалист, во износ од 244.000,00 евра.

**Член 2**

Проектот од член 1 во кој водечки партнер е општина Пробиштип предвидува инвестициски мерки за создавање на поволни услови во туристичкиот сектор во руралните области, зајакнување на регионалната поврзаност и зголемен сообраќај на луѓето и стоките меѓу Бугарија и Северна

Македонија, ќе се аплицира на Ограничениот повик за поднесување на проекти во врска со поднесената апликација со реф. број BGMK0200009 од Територијалната Стратегија која се реализира во рамки на Програмата за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027.

Проектот ја помина првата фаза на селекција од страна на проценители и навлезе во втората фаза, во која е нужно органот на управа да издаде согласност за учество во проектните активности. Определениот буџет за општина Пробиштип е за подобрување на условите за развој на туризмот во Лесново и тоа: замена на дотраена пешачка патека и поставување на фотоволтаично осветлување, проширување на паркинг простор, проширување на површина на видиковец и обележување на велосипедска патека.

**Член 3**

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Пробиштип за 2025 година на сметката на проектот на општина Пробиштип, по одобрување на проектот од страна на Програмата за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027 и потпишување на Договор за грант со Министерството за регионален развој и јавни работи на Република Бугарија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Пробиштип".

Број 26-427/7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.05.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип („Службен гласник" на Општина Пробиштип бр.04/05, 25/14, 29/15 и 23/19), Советот на општина Пробиштип на Седницата одржана на 30.05.2024 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за кофинансирање на Општина Пробиштип во проектот „Интегриран развој на препознатливиот културен и close-to-nature туризам во Источниот плански регион и регионот Благоевград"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува кофинансирање на дел од проектните активности во рамки на проектот „Интегриран развој на препознатливиот културен и close-to-nature туризам во Источниот плански регион и регионот Благоевград" во износ од 725.650,00 денари.

**Член 2**

Проектот од член 1 во кој водечки партнер е Центарот за развој на Источен плански регион предвидува инвестициски мерки за развој на атрактивна, целогодишна туристичка понуда преку искористување на паметни решенија кои обезбедуваат универзален пристап и учество –

реконструкција на планинарски дом Црн Врв, КП 1/1 КО Кундино евидентиран во имотен лист број 59 и истиот ќе се аплицира на Ограничениот повик за поднесување на проекти во врска со поднесената апликација со реф. број BGMK0200046 од Територијалната Стратегија која се реализира во рамки на Програмата за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027.

**Член 3**

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Пробиштип за 2025 година на сметката на проектот на Центарот за развој на Источен плански регион, по одобрување на проектот од страна на Програмата за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027 и потпишување на Договор за грант со Министерството за регионален развој и јавни работи на Република Бугарија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Пробиштип".

Број 26-427/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.05.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 1, став 1, точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип („Службен гласник" на Општина Пробиштип бр.04/05, 25/14, 29/15 и 23/19), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на 30.05.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ И ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ ЗА ЦЕЛИТЕ НА ПРОЕКТОТ „Интегриран развој на препознатливиот културен и close-to-nature туризам во Источниот плански регион и регионот Благоевград"**

**Член 1**

Се одобрува Центарот за развој на Источен плански регион да аплицира како Водечки партнер со проект „Интегриран развој на препознатливиот културен и close-to-nature туризам во Источниот плански регион и регионот Благоевград", по однос на Поканата за учество на Ограничениот повик за поднесување на проекти во врска со поднесената апликација со реф. број BGMK0200046 од Територијалната Стратегија која се реализира во рамки на Програмата за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027, по Приоритет 3 – Интегриран развој на прекуграничниот регион, специфична цел 1.2. Развој на атрактивна, целогодишна туристичка понуда преку искористување на паметни решенија кои обезбедуваат универзален пристап и учество.

**Член 2**

Се одобрува бесплатно право на Центарот за развој на Источен плански регион користење на недвижен имот на КП 1/1 КО Кундино евидентирана во имотен лист број 59 за спроведување на

целите на проектот „Интегриран развој на препознатливиот културен и close-to-nature туризам во Источниот плански регион и регионот Благоевград", за реконструкција на планинарски дом Црн Врв.

**Член 3**

Целта на проектот од член 1 на оваа Одлука нема да биде променета и проектните резултати ќе бидат одржувани за период од најмалку 5 (пет) години по одобрување на финалното барање за плаќање за проектот.

**Член 4**

Градоначалникот на Општина Пробиштип и директорот на Центарот за развој на Источен плански регион ќе потпишат Договор за меѓусебна соработка за реализацијата на проектот „Интегриран развој на препознатливиот културен и close-to-nature туризам во Источниот плански регион и регионот Благоевград".

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Пробиштип".

Број 26-427/9
30.05.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 28 од Стаутот на општина (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2024 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За разрешување и именување на член во Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања**

1. Се разрешуваат од Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања при Советот на Општина Пробиштип, поради престанок на мандат:
   -Денис Тодоровски
   -Драгана Арсова.

2. За членови во Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања при Советот на Општина Пробиштип, се именуваат:
   - Дарко Анастасовски

- Александра Тасевска-Стефанова

3. Решението влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-427/10
30.05.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 28 од Стаутот на општина (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2024 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување и именување на член во Комисијата за финансии, буџет и Лер**

1. Денис Тодоровски се разрешува од член во Комисијата за финансии, буџет и ЛЕР при Советот на Општина Пробиштип, поради престанок на мандат .

2. За член во Комисијата за финансии, буџет и ЛЕР при Советот на Општина Пробиштип, се именува Дарко Анастасовски.

3. Решението влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-427/11
30.05.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 28 од Стаутот на општина (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2024 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување и именување на членови во Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина**

1. Се разрешуваат од Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при Советот на Општина Пробиштип, поради престанок на мандат:
   -Денис Тодоровски
   -Драгана Арсова.

2. За членови во Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при Советот на Општина Пробиштип, се именуваат:
   - Дарко Анастасовски
   - Александра Тасевска-Стефанова.

1. Решението влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-427/12 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.05.2024 година — ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип — Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 28 од Стаутот на општина (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2024 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување и именување на член во Комисијата за молби и барања**

1. Денис Тодоровски се разрешува од член во Комисијата за молби и барања при Советот на Општина Пробиштип, поради престанок на мандат .

2. За член во Комисијата за молби и барања при Советот на Општина Пробиштип, се именува Дарко Анастасовски.

3. Решението влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-427/13 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.05.2024 година — ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип — Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 28 од Стаутот на општина (Службен Гласник на општина

Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2024 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За разрешување и именување на член во Комисијата за месна самоуправа**

1. Денис Тодоровски се разрешува од член во Комисијата за месна самоуправа при Советот на Општина Пробиштип, поради престанок на мандат .

2. За член во Комисијата за месна самоуправа при Советот на Општина Пробиштип, се именува Дарко Анастасовски.

3. Решението влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-427/14 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.05.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 28 од Стаутот на општина (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.05.2024 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За разрешување и именување на член во Комисијата за статут и прописи**

1. Драгана Арсова се разрешува од член во Комисијата за статут и прописи при Советот на Општина Пробиштип, поради престанок на мандат .

2. За член во Комисијата за статут и прописи при Советот на Општина Пробиштип, се именува Александра Тасевска-Стефанова.

3. Решението влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-427/15 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.05.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---